| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје (Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија) |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијативата од Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО на Министерството за култура, бр. 33-3582/1 од 11.3.2020 г., со навод дека од субјектот на надзорот не е доставен целосен извештај за реализираниот проект, поткрепен со финансиска документација за потрошените средства.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК).

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно надзор над наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од 35.000 денари (прв дел), согласно со Договорот бр. 33-4407/1 од 9.4.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор (којшто е извршен со доставување на документација по електронски пат, како и во повеќекратна телефонска комуникација), субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Зенил Реџепов, извршен директор | | kud_goce_delcev@yahoo.com |

| Р. бр | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈТД „Шек и пром" - Делчево | Автобуски превоз за 40 учесници на концертот во Јагодина, Србија (од 23. до 27 .08.2019 г.) | 50.000 | -Платено по Договор од 30.5.2019 г. и Фактура бр. 025/2019 од 11.7.2019 г. -Банков извод бр.104 од 11.7.2019 г. |
| ВКУПНО: | | | 50.0000 денари | -*35.000 денари се платени од преведените средства од МК, додека преостанатите 15.000 од сопствените средства на КУД Гопце Делчев |

* При надзорот е констатирано дека при исплатата на патните трошоци за настапот во Јагодина, Србија, 35.000 денари се платени од претходно преведените средства од МК, додека преостанатите 15.000 се платаени со сопствени средства на КУД Гоце Делчев. За реализираниот проект, Министерството за култура, согласно со Договорот, има преостаната обврска кон КУД Гоце Делчев во износ од 15.000 денари.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација, според изјавата на извршниот директор Зенил Реџепов, КУД Гоце Делчев изготвил Образец за наративен и финасиски извештај на 17.10.2019 г. и го доставил до МК, но при надзорот не е презентиран соодветен доказ (испратница и сл.) за извршената достава до МК. Притоа, од страна на МК до КУД Гоце Делчев се доставени Потсетување за доставување на извештај, бр. 33-12868/1 од 19.11.2019 г., како и Последна опомена за доставување на извештај, бр. 33-2450/1 од 20.2.2020 година.

- КОНСТАТАЦИИ: Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 35.000 денари, КУД Гоце Делчев ги потрошило наменски за реализација на проектот „Концерт на пријателство – јубилеј 35 години во Македонија, Србија, Бугарија" (за патни трошоци за концерт во Јагодина, Србија во износ од 50.000 денари), со забелешка дека Министерството за култура, согласно со Договорот, има преостаната обврска кон КУД Гоце Делчев во износ од 15.000 денари.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk